## Култура

Ова е простор за Вашата РЕКЛАМА







НАЦИОНАЛНАТА ПОСТАВКА ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈАЌЕ СЕ ПРОШИРИ

**Се отвора "Парк на скулптурата" во Даут пашиниот амам**

Во Паркот на скулптурата ќе бидат изложени дела од: Петар Хаџи Бошков, Томе Аџиевски, Драган Поповски - Дада, Јордан Грабулоски, Александар Ивановски - Карадаре, Анета Светиева, Власе Николески, Стефан Маневски, Боро Митриќески и Васил Василев.



Во Уметничката галерија во Скопје се отвора "Парк на скулптурата". Во паркот на скулптурата ќе бидат изложени дела од: Петар Хаџибошков, Томе Аџиевски, Драган Поповски - Дада, Јордан Грабулоски, Александар Ивановски - Карадаре, Анета Светиева, Власе Николески, Стефан Маневски, Боро Митриќески и Васил Василев. Истите уметници застапени се со свои дела и во Националната поставка. Свечената промоција на оваа постојана поставка ќе биде в петок напладне. Куратор на поставката во Паркот на скулптурата е Златко Теодосиевски, историчар на уметност во Уметничката галерија.

- Паркот на скулптурата ќе биде во сосстав на Националната поставка, па затоа не сакавме да го проширувавме со други автори. Скулптурите што ќе бидат изложени во дворот на Галеријата се големи дела, изработени специјално за надвор, што не може да се постават во внатрешноста на изложбениот простор - ни изјави Златко Теодосиевски.

Во Паркот на скулптурата делата што ќе бидат изложени дел се сопственост на Уметничката галерија, еден дел се отстапени од Ликовната колонија во Прилеп, а останатиот дел ќе бидат земени со откуп од уметниците. Паркот на скулптурата, како идеја, бил предвиден да се прави уште со формирањето на националната поставка, но како што вели Теодосиевски дури сега се создале услови за негово отворање.

- Постојано бевме во преговори со уметниците, што се застапени во Националната поставка, да добиеме скулптури што ќе може да бидат изложени надвор. Тука многу ни помогна и Ликовната колонија од Прилеп, што е единствена колонија каде се работат скулптури со големи димензии. Во Прилеп овие дела се изложени по разни институции низ градот, па така во соработка со нив ги добивме делата на Дадата, Грабул и Карадаре - ни изјави Теодосиевски.

Сите скулптури нема да бидат поставени во дворот на Галеријата на денот на отворањето. Ова е од причина што некои од скулптурите, тие што се од Ликовната колонија од Прилеп, заради својата големина се тешки за транспорт, а за скулптурата на Анета Светиева треба да се обезбедат посебни услови за презентација, стаклена витрина, бидејќи материјалот од кој е изработена не трпи климатски промени. (Е.О.С.)



© ВЕСТ 2001
Секое користење на информации и фотографии од сајтот, без дозвола на Редакција ВЕСТ е забрането

ФЕРШПЕД
HOTEL
T Home
www.AGORA.ORG.MK
MACEDONIA SEARCH
ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
ЖИВО НАСЛЕДСТВО македонија www.zivonasledstvo.org.mk
365 com.mk
kniga.com.mk